**Сојуз на композиторите на Македонија - СОКОМ**

**Музичко-научна манифестација**

# „СТРУШКА МУЗИЧКА ЕСЕН“

**23-25 Септември, 2022**

**Хотел „ДРИМ“ - Струга,**
**Р. Македонија**

**Музичко-научна манифестација**

**СТРУШКА МУЗИЧКА ЕСЕН**

23-25 септември 2022

**Организатори:**

Сојуз на композиторите на Македонија - СОКОМ
Претседател: проф. д-р Валентина Велковска-Трајановска
Ул. „Максим Горки“ бр.18, 1000, Скопје, Р.Македонија
Тел/факс: 070269829, http://sokom.mk, e mail: sokom@sokom.mk

**Селектори:**

м-р Елени Новаковска
д-р Јулијана Папазова

**Техничка организација:**

Дејан  Мојсовски – генерален секретар

**Поддржана од Министерството за култура на Р. С. Македонија**

46. „Струшка музичка есен“
(1975 - 2022)

# МУЗИЧКИ РЕЛАЦИИ - ИСТОРИЈА, ИНТЕРПРЕТАЦИЈА, ИНТЕРДИСЦИПЛИНАРНОСТ

23 -25 септември 2022
Хотел „Дрим“, Струга

Темите на овогодишната конференцијата се посветени на следните прашања:

1. Историја: ревидирањето на историјата на музиката од повеќе историски периоди се во континуитет потребни заради обновување, надградување на музичката историја. Истражувањата се посветени на разни жанрови и периоди: византиска музика, народна музика, класична музика, популарна музика.
2. Интерпретација: анализа на одредени композитори и нивните технички, естетски, стилски карактеристики; анализа на интерпретациски елементи; педагошки аспекти во областа на интерпретацијата и компонирањето.
3. Интердисциплинарност: како академски дисциплини музичката теорија, музикологијата или етномузикологијата се во контакт и своите истражувања ги надополнуваат со други дисциплини како антропологија, социологија, уметност, културни студии, археологија, психологија, технологија, студии за литература, за медиуми, родови студии и слично. Темите од интердисциплинарната област се централен интерес на оваа конференција и се посветени на: музиката и други уметности - филм, танц, музика и медиуми;

музика и социо-политички состојби; пандемската криза со КОВИД 19 во корелација со музиката или танцот; музика и урбан простор; музика и носталгија.

Во рамки на конференцијата ги одбележуваме јубилејот на СОКОМ - 75 години од основањето и јубилеите на македонскитетворци: Љубомир Бранѓолица (1932), Јане Коџабашија (1942) и ДимитријеБужаровски (1952).

**ПРОГРАМА**

**<u>Петок, 23 септември 2022</u>**

**20:30-21:30**

**Концерт на гудачки квартет**
**со дела од македонското музичко творештво**

**19:00-20:30**
**Вечера**

**<u>Сабота 24 септември, 2022</u>**

**09:00-10:10**

**Тема: Историја**
**Фолклор**

**Претседавач:**проф. д-рГоранчо Ангелов

1.проф. д-рГоранчо Ангелов: ***Македонската етномузикологија од 1945 година до денес***

2. д-р Беким Рамадани:***Музичкиот колорит на портретот на Џемиле во народната лирика на албанците***

3.вонр.проф. д-р Александар Димитријевски:***Македонскиот музички фолклор на YouTube (нови согледувања)***

***10:15-10:30 – Пауза за кафе***

**10:30-11:45**

**Тема: Историја**
**Фестивали, џез-музика**

**Претседавач:**м-рЕлени Новаковска

1.м-рЕлени Новаковска:***Младинскиот културен центар во Скопје и неговата улога во развојот на нашата џез сцена: по повод 50 години јубилеј на МКЦ***

2.м-р Лејла Лумани: ***Предизвиците при организација на џез фестивал во Тетово***

3. м-р Бехар Весели:***Македонија земја на фестивали***

**11:50-13:05**

**Тема: Историја**
**Јубилеи**

**Претседавач:**проф. д-р Александар Трајковски

1.проф. д-р Александар Трајковски: ***Македонското оперско и балетско творештво на МОВ, од 1972 до денес***

2.м-р Викица Костоска-Пенева, Андреј Блажевски: ***Љубомир Бранѓолица90 години животен и творечки пат -музика, балет, поезија***

*3.*вон.проф. д-р Тихомир Јовиќ:***ПолифонијатаводелатанаДимитрије Бужаровски создаденивопериодот 1971 - 1980 година***

**Ручек**

**16:00-17:35**

**Тема: Интерпретација**
**Современо творештво, анализа,педагогија**

**Претседавач:***проф. д-р Викторија Коларовска-Гмирја*

1.проф. д-р Викторија Коларовска-Гмирја: ***Делата за деца и млади во творештвото на Гоце Коларовски***

2. Соња Андонов, дипл. музиколог:***Дејноста на Александар Ристовски во ширењето на музичката култура во Тетово***

3. проф. д-р Гоце Гавриловски:***Класификација на фолклорните елементи во мелодиката преку начин на употреба на автентична мелодија во делото „Илинденски диптих“ од авторот Стојан Стојков***

4. д-р Огненка Герасимовска-Димитровска: ***Мелодијата, нејзиното влијание и моќ како услов во музичката интерпретација***

5.Ива Дамјановски, постдипломец: ***„Варијации на Балкански теми“ од Ејми Бич – интерконтинентално културолошко патување на македонската музичка фолклорна мисла***

**Вечера**

**<u>Недела 25 септември 2022</u>**

**09:00-10:00**

**Тема: Историја**
**Византиска музика**

**Претседавач:**д-р Мирјана Павловска-Шулајковска

1. д-р Мирјана Павловска-Шулајковска:***Осврт кон Црковно-музички зборник од непознат автор, настанат во 1864 год.***

2. проф. д-р Илија Велев: ***Византискиот химнографски циклус за Св. Климент Охридски***

3. проф. д-р Јане Коџабашија: ***Димитар Златанов-Градоборски (1800–1887)***

***10:00*-10:15**
**Пауза за кафе**

**10:15-12:15**
**Тема: Интердисциплинарност**
**Музика, медиуми, танц, Ковид 19**

**Претседавач:**м-рВесна Маљановска

1.м-рВесна Маљановска:***Македонското музичко творештво во телевизискиот медиум***

2. проф. д-рСоња Здравкова-Џепароска:***Предизвици на танцовата уметност во услови на ковид криза***

3.д-р Јулијана Папазова:***Алтернативниот рок на Балканот во време на КОВИД 19 пандемијата***

4.Виктор Танасковски, постдипломец: ***Гостувања на македонски музичари во РТС и Радио Београд, претставено преку архивата на овие две институции***

**12:15:13:00**
**Завршна дискусија**

**АПСТРАКТИ**

проф. д-рГоранчо Ангелов: ***Македонската етномузикологија од 1945 година до денес***

Развојот на македонската етномузикологија може да се проследи преку објавените трудови кои обработуваат различни аспекти поврзани со музичкото и играорното творештво на населението од различни етнички групи кое живее на територијата на денешна Република Северна Македонија. Од денешна инстанца се чувствува недостаток на студија која преку опфаќање на одредени истражувачи и посочувањето на нивниот интерес ќе даде приказ на она што е истражувано во одредени временски периоди и која свера од музичкиот фолклор била истражувана. Овие истражувања се од суштинско значење за компаративни етномузиколошки истражувања во 21 век земајќи го предвид фактот дека фолклорот како жива материја е подложен на постојано надградување и прилагодување на времето во кое се практикува. Како основа за пишувањето на овој труд ќе послужат објавените публикации од македонски истражувачи објавени во зборници, монографии и статии преку кои може да се направи хронолошки преглед на интересот на истражувачите во различни периоди.

д-р Беким Рамадани:***Музичкиот колорит на портретот на Џемиле во народната лирика на албанците***

Не само поради фактот што оваа именка има избалансирана конструкција на самогласки и согласки, ниту за јасноста и леснотијата на изговорот, туку и за значењето на самиот збор, кој потекнува од арапски и кој на албански значи – „лична“, „стројна“, „убава“, односно „Убавка“. За Џемиле се пее во сите албански подрачја. За Џемиле се исткаени стотици и стотици стихови затоа што била убава, мудра, паметна за да совлада чувства и способна за да крши срца. Каде и да се појавила, Џемиле ја будела љубопитноста на светот околу неа. Таа успеала да го разбуди не само вниманието на ергените, туку и да ужива во нивните симпатии, а, во меѓувреме, неретко предизвикувала скриена љубомора меѓу пријателите и луѓето блиски и далечни. Разумот, мудроста, љубезноста, лојалноста и шармот се само некои од нејзините квалитети. Поради сето ова, таа стои на врвот на галеријата на женски ликови во народната лирика на Албанците. Народните песни посветени на Џемиле се разновидни како во поетска, така и во мелодична, хармонична и метричка смисла. Ги пеат не само мажи туку и жени. Тие се изведуваат во монофонија, дијафонија и полифонија. Ги среќаваме во гегискиот и тоскискиот дијалект, придружени со различни инструментални формации.

вонр.проф. д-р Александар Димитријевски:***Македонскиот музички фолклор на YouTube (нови согледувања)***

Македонскиот музички фолклор со сета своја комплексност досега е претставен преку различни медиумски презентации. Неговото богатство од изразни сегменти

особено кај аудиовизуелните медиуми претставува извор за интерпретација или подлога за музичка заднина.
Во тој контекст, македонскиот музички фолклор стекна една нова форма на медиумска презентација преку интернетот и неговите слободни сервери, особено преку YouTube, што претставува појдовна основа за овој труд.
Поаѓајќи од мојот прв интерес кон истражувањето на оваа тема, се навраќам на неа токму после десет години за да ги согледам промените кај базичните сегменти и принципи на презентација на аудио-видео примери од македонскиот музички фолклор настани во овој период.

м-рЕлени Новаковска:***Младинскиот културен центар во Скопје и неговата улога во развојот на нашата џез сцена: по повод 50 години јубилеј на МКЦ***

Младинскиот културен центар (МКЦ) во Скопје, веќе 50 години претставува место со кое се идентификуваат различни генерации. Како средиште за развојот на културата и уметноста независно од општественото уредување тој претставува простор во кој се креираат и популаризираат повеќе музички жанри. Трудот е посветен на неговите активности поврзани со џез-музиката, со акценти на фестивалите и концертните настапи како и другите активности, кои придонесуваат за промоцијата и развојот како на локалната, така и републичката џез сцена. Во трудот хронолошки ќе бидат претставени програмската политика на Центарот, интеракцијата со други организации на локално и меѓународно ниво.

м-р Лејла Лумани: ***Предизвиците при организација на џез фестивал во Тетово***

Фестивалите се многу важен дел за светот на џезот. Честопати, прекуорганизација на овие фестивали се формираат столбови околу кои џезмузичарите, публиката и организаторите го приредуваат нивниот живот. Џезфестивалите ги зајакнуваат социјалните врски, честопати имајќитрансформативен ефект и врз локацијата каде што се одржува и публиката.За музичарите, фестивалите се идентификувани како клучни сцени зауметнички развој и промовирање и поддршка на нови музички таленти.Честопати, џез фестивалите се места за трансформација и доживување нанови искуства за сите учесници. Освен споменатото, овие фестивали играатулога и во економскиот развој на градот/регионот кај што се одржува и прекунив, градот може да ги развива и своите политички и социјални влијанија.Нашата држава е дом на шест џез фестивали (Skopje Jazz Festival, JazzFactory Festival (Битола), Jazzfest Tetovo, Astibo Jazz Festival (Штип), JazzFestival Kumanovo и Jazz Fortnight Festival). Освен Скопскиот Џез Фестивалкој постои веќе 40 години, другите фестивали се од поново време.Фестивалската концепција и програма на сите овие фестивали е разновидна,секако во зависност на финансиската поддршка што ја имаат. Како и да е, нанив публиката има можност да доживува врвни локални и светско познатиџез уметници.

Поради тоа што јас како автор на овој труд одблиску сум дел одорганизацијата на Тетовскиот Џез Фестивал, сметам дека прекупредложениот труд ќе можеме да направиме осврт и преглед на предизвицитесо кои се соочуваме во процесот на организација на џез фестивал ворегионален центар како што е Тетово. Преку овој труд ќе можеме да гидефинираме позитивните развитоци во текот на горенаведениот процес, па домногубројните проблеми и застои со кои се соочуваме.

м-р Бехар Весели:***Македонија земја на фестивали***

Често во музичката фела се водат дебати меѓу самите музичари за музичките фестивали во нашата земја. Често вкупната бројка не е позната и варира со појава на нови како и престанок со работа на некои фестивали со традиција низ годините. Истотака, дебатата околу нив се води за нивното функционирање, нивната финансиска самоодржливост, публиката и таргет групите, инволвирањето на домашни музичари итн. Дел од дебатата секоја година е и нивното аплицирање и средствата кои ги или не ги добиваат во годишниот конкурс на министерството за култура, кој останува нивен главен поддржувач или финансиер.
Како дел од овогодишната тричлена комисија за музика и музичко-сценска дејност за спроведување на годинешниот конкурс за проекти од национален интерес за државата, имав можност преку апликациите на секој фестивал пријавен на конкурсот да соберам информации од повеќе области за секој од нив, како програма, техничко-оперативен апарат, финансиска рамка, временска рамка, локација, таргет група итн. Оттука сметам дека е важно сите овие информации да се организираат во параметри и да се обработат, со што би се добило слика како и каде стои фестивалската дејност во Република Северна Македонија.

проф. д-р Александар Трајковски: ***Македонското оперско и балетско творештво на манифестацијата „Мајски оперски вечери“, од 1972 до денес***

Изминатите педесет години, почнувајќи од самите почетоци во 1972 година, па сè до денес, престижната манифестација „Мајски оперски вечери“ претставува симбол на македонската културна сцена. Носејќи го предзнакот на оперската уметност чија доминација го профилира и исцртува карактерот на манифестацијата, таа, во значително помала мера, но преку јасни интерпретативни изблици, ги обединува и балетската уметност и концертното музицирање, претставувајќи платформа на која се презентираат актуелните вредности на домашните и странските уметници. Во однос на репертоарската политика пак, реализирањето на ваква манифестација претставува и можност за сè поголема афирмација на македонското оперско и балетско творештво.
Одбележувајќи го педесетгодишниот јубилеј на „Мајските оперски вечери“, овој труд, ќе се насочи кон застапеноста на македонското оперско и балетско творештво на манифестацијата, при што ќе биде направен хронолошки приказ на сите оперски и балетски дела создадени од македонските композитори, изведени

во рамките на фестивалските програми во изминатите пет децении. При тоа, ќе бидат опфатени и сите уметници кои со своите креации учествувале во создавањето и изведбата на националните музичко-сценски дела.

м-р Викица Костоска-Пенева, Андреј Блажевски: ***Љубомир Бранѓолица90 години животен и творечки пат -музика, балет, поезија***

ТворечкиотликнакомпозиторотЉубомирБранѓолицапретставуванераскинливделодисторијатанасовременатамакедонскамузика.Обемниотопусштоопфаќаинструментални, вокални и предсѐбалетскиделагооббликувасоспецифиченкомпозиторскијазик и жанровскаопределбаштоседвижипомеѓуактуелнитеправцивомодернатамузиканадваесеттиотвек, популарнатамузика, џезот и поривотзасоздавањепоезија.Несомненоосумнаесеттецеловечернибалетисобројниизведбинадомашнатасцена и ширумсветотсеонапоштотворештвотонаЉубомирБранѓолицасеиздвојуваодостанатитемакедонскикомпозитори.А деведесетгодиниодраѓањетонаавторотсеповодзаистражување и пронаоѓањенекоипомалкупознатифактиоднеговиотживотен и творечкипат, какопредмет и насокавоовојтруд.

вон.проф. д-р Тихомир Јовиќ:***ПолифонијатаводелатанаДимитрије Бужаровски создаденивопериодот 1971 - 1980 година***

Опусот на Димитрије Бужаровски (композитор, пијанист, музиколог, публицист) содржи завиден број остварувања од разновидни жанрови и родови (солистичко, камерно, оркестарско и вокално - инструментално творештво, музичко - сценски дела, музика за над 60 филма, телевизиски и театарски проекти). Генерално, творештвото на овој композитор изобилува со примери во кои се среќаваат ставови изработени како полифони форми, имитациски деловиво рамките на музичката форма(фугато) и употреба на полифони фактури. Целта на овој труд е да го образложи пристапот на авторот кон полифониот слог како принцип на организација на музичката материја во почетниот период од неговото творештво. Истражувањето ќе биде насочено кон утврдување на видот, начинот и обемот на употреба на полифонијата во делата на Димитрије Бужаровски создадени во наведениотвременски период (1971 - 1980).За оваа цел е формиран корпус од достапните дела (партитури и снимки) од опусот на авторот.

проф. д-р Викторија Коларовска-Гмирја: ***Делата за деца и млади во творештвото на Гоце Коларовски***

Музиката за деца и млади претставува исклучително важен дел одмузичкото творештво низ историјата и, според создавањето и намената,најопшто може да се класифицира како „музика од деца за деца“, односно„музика од возрасни за деца“.

И двете форми постојат во фолкорот(различни жанрови на детскиот музички фолклор; приспивна и сл.), додекавтората форма највеќе му е својствена на композиторското творештво сојасна намена за деца-изведувачи (педагошки репертоар), односно возраснипрофесионални изведувачи (композиции наменети за деца-слушатели).Како одделна гранка на музичкото творештво се кристализира во 19-от век,со дела кои во своите наслови содржат експлицитно упатство кон децата имладите – пред сè, детските/младинските албуми за пијано, но и со дела одтип на опери/музички претстави за детскиот аудиториум.

Во македонското музичко творештво постојат дела во различни жанрови намузиката за деца и млади – од песни до детски опери, односно музичкипретстави, во творештвото на композиторите од различни генерации. Вопредложениот труд ќе се разгледаат делата од ваков вид во творештвото наГоце Коларовски (1959-2006). Иако не се многубројни, тие претставуваатинтерес за анализа од повеќе аспекти: периодот на настанување, мотивитена авторот за ваков вид творештво, жанрот и изведувачкиот состав,карактеристиките на музичкиот јазик и формообразувачките процеси. Сеувидува хетерогеноста на оваа група дела според жанрот и изведувачкиотсостав, како и нивното значење за стекнување на композиторскиот занает(делата од раниот период) или, пак, пројавувањето на карактеристичнитесвојства на авторскиот стил и метод (делата од зрелиот период).

Клучни зборови: делата за деца и млади, намена, жанр, изведувачки состав,Гоце Коларовски

Соња Андонов, дипл. музиколог:***Дејноста на Александар Ристовски во ширењето на музичката култура во Тетово***

Трудот „Дејноста на Александар Ристовски во ширењето на музичката култура во Тетово“ го опфаќа периодот на шеесеттите години на минатиот век. Александар Ристовски (Тетово, 1907 – Тетово, 1980) по занимање учител по одделенска настава кој обрнува особено внимание на предметот Музичко воспитување во основното училиште и воопшто во ширењето на музичката култура кај младата популација во тоа време. Се залага училиштето да набави орфови инструменти, а со учениците изведува музика со користење чаши. Има напишано повеќе едногласни и повеќегласни детски песни. За потребите на наставата има изработено прирачник. Со прирачникот анонимно учествува на конкурс каде добива награда.

ПретставувањетонадејностанаАлександарРистовскипридонесувадасесогледаразвој отнамузичкатапедагогијавоМакедонија.

проф. д-р Гоце Гавриловски**:** ***Класификација на фолклорните елементи во мелодиката преку начин на употреба на автентична мелодија во делото „Илиндениски диптих“ од авторот Стојан Стојков***

Во овој труд се врши класификација на фолклорните елементи во мелодиката од творештвото на македонските композитори, преку начинот на употреба со

примери за автентична, стилизирана и обработена мелодија/ цитат, со што ќе се истакне влијанието на оркестарското дело на посочениот автор- претставник од четвртата генерација македонски композитори, преку цитати од македонското музичко-фолклорно творештво, со издвоени примери и посебен осврт врз делото „Илинденски диптих“ од авторот Стојан Стојков.

д-р Огненка Герасимовска-Димитровска: ***Мелодијата, нејзиното влијание и моќ како услов во музичката интерпретација***

Основната задача на истражувањето во овој труд е да ја одгатнеме моќта и влијанието на мелодијата врз формирањето на музичката интерпретација, нејзиното влијание при пренесувањето на музичката мисла, т.е. нејзината практична примена во едукативниот и репродуктивниот процес.
Да се разбере општата природа на музиката и што соопштува таа е важно за соодветна анализа на музичкиот стил во кој е создадено делото. Композиторите и изведувачите од сите култури, теоретичари од различни школи и стилови, естетичари и критичари, сите се согласуваат со фактот дека музиката има одредено значење кое еднакво влијае врз продуктивните и репродуктивните дејци во музичката уметност, а основата на сиот овој процес е да изврши позитивна мисија врз едукацијата и слушателот. Фокусот на размислување во овој труд е - што е тоа што го создава значењето на музиката и какви процеси соопштува таа, што предизвикува појава на емоција или состојба на афект во музиката, како и на кој начин музиката предизвикува емоции и воедно ги спречува аспирациите за нивно остварување.

Ива Дамјановски, постдипломец:***Варијации на Балкански теми“ од Ејми Бич – интерконтинентално културолошко патување на македонската музичка фолклорна мисла***

„Бајковити мелодии, кои ја одразуваат, како огледало, ретката убавина и патос на планинската легенда, трагедијата и среќата на еден чудесен народ и на едноставниот живот. Од непознат извор, овие мелодии се пренесувале од генерација на генерација селани, кој не знаеле да пишуваат ниту читаат музика. Тие се слушаат насекаде во близина на планините и околните села, отпеани од малите селанки кои танцуваат, отсвирени од овчарите на нивните шупелки или жичани инструменти, извикувани од војниците покрај нивните логорски огнови, и сакани од сите.“
Со овие зборови композиторката Ејми Бич го отвора предговорот на нејзиното дело за пијано „Варијации на Балкански теми“ оп.60. Како исклучително важна за историјата на женското музичко творештво, како и значајна во однос на нејзиниот фокус на домородното население во Америка од каде црпи инспирација за голем дел од нејзината музика, Ејми Бич преку создавањето на ова дело игра важна улога и во историјата на Македонската музика. Овој труд претставува обид за техничка, етномузиколошка и стилска анализа на „Варијации на Балкански теми“, пред се проучувајќи ја употребата на македонскиот фолклор и мелос, како и осврт

на ова дело од историски и социјален аспект, давајќи ни уникатна можност да го погледнеме македонското народно музичко творештво низ призмата на доцниот романтизам во раниот XX-ти век и неговиот превод во сосема поинаков, окцидентален контекст. Практичниот дел на ова истражување е предвиден преку премиерната изведба на ова дело во Македонија на концертот „Жена - творец“ во ноември, 2022.

д-р Мирјана Павловска-Шулајковска:***Осврт кон Црковно-музички зборник од непознат автор, настанат во 1864 год.***

Појавата на Хрисантовата музичка (невматка нотација) во 1814 година, одигра мошне значајна улога во развојот на црковното пеење од византиската традиција на поширокиот простор на Источната црква. На територијата на Македонија периодот на 19-от и почетокот на 20-от век особено е обележан со создавањето на неколку десетици музички ракописи и печатени книги со напеви од византиски и македонски автори, во кои претставниците на источната црковна музика од преродбенскиот период во Македонија изобилно ја користат Хрисантовата музичка нотација. Во овој труд се осврнуваме кон претставување на Црковно-музички зборник од непознат автор. Овој црковно-музички зборник настанат во 1864 година, пишуван на црковно-словенски јазик и на Хрисантовата музичка нотација, со завидна калиграфска вештина е еден од поголемиот број значајни музички ракописи настанати во Македонија во овој период

проф.  д-р Илија Велев: ***Византискиот химнографски циклус за Св. Климент Охридски***

Византискиот химнографски циклус за св. Климент Охридски го сочинуваат составувани или дополнувани и редактирани песнопеења на византискогрчки јазик во периодот меѓу XI и XVIII век. Авторските црковно-музички и книжевно-химнографски партиципации биле творечки ангажман на истакнати византиски поглавари на Охридската архиепископија: Теофилакт, Димитриј Хоматијан, Константин Кавасила, Григориј и Козма Драчки. Химнографскиот циклус почнал творечки да се организира за потребите на византискогрчката богослужба наместо словенската во диецезата на Охридската архиепископија, кога по згаснувањето на Самуиловата држава се заменувале и старословенските богослужбени книги со византискогрчки.

проф. д-р Јане Коџабашија: ***Димитар Златанов-Градоборски (1800– 1887)***

Градоборски бил еден од најголемите псалти во источноправославните простори. Во вториот дел од кариерата осознавајќи се национално, започнал да пее и на словенски јазик како долг кон својот словенски род. Печатејќи го својот монументален зборник Прирачник за псалт на грчки јазик, сакал да им стави на знаење на своите непријатели дека ги љуби исто како што го љуби и нивниот

грчки јазик. Само на овој начин Димитар Златанов-Градоборски можел да го искаже правото да го љуби својот словенски род и јазикот на светите Климент и Наум Охридски.

м-рВесна Малјановска:***Македонското музичко творештво во телевизискиот медиум***

,,Македонското музичко творештво во телевизискиот медиум“ е научно истражувачки текст преку кое ќе направи преглед на телевизиската реализација на македонското музичко творештво.
Низ својата историја, телевизијата низ разни форми ја презентира музиката. Со самото огласување преку експерименталната програма, музиката си заземала истакнато место. Музиката во програмите на Македонската телевизија се искажува во сите аспекти кој се познати во светската телевизиска пракса, а се базира на воспоставување одреден баланс помеѓу класичната и современата музика и странскиот и домашниот опус. Во ваков дефиниран простор македонската современа музика природно си обезбедила свој простор уште од самите почетоци на работата на МТВ
Програмската политика на овој медиум била насочена кон негување на домашните вредности, нивна афирмација како и сочувување на националните музички дострели. Иако во однос на светската музика, македонската е застапена во помал обем, сепак таа е од големо значење за развојот на македонската музичка телевизиска историја. Македонската телевизија како прв телевизиски медиум во нашата република низ своите редакции континуирано ја следи, снима и емитува македонската современа музика организирана од страна на домашните фестивали, институции и слично. Македонското музичко творештво го поврзуваме со работата на Сојузот на композиторите на Македонија кој 70 години ги обединува силите и креативниот потенцијал на македонските композитори.
Текстот ,,Македонското музичко творештво во телевизискиот медиум“ е дел од опсежното истражување ,,Развојот на музичката уметност во Македонскиот телевизиски медиум“

проф. д-рСоња Здравкова-Цепароска:***Предизвици на танцовата уметност во услови на ковид криза***

„Новото нормално“ односно начинот на живеење во пандемски услови не само што постави нови норми во секојдневните активности, туку наметна тектонски поместувања во однос на живата уметничка интерпретација. Поставените сценски конвенции одеднаш беа нарушени преку низата протоколи кои беа воведени и доведоа до строги рестрикции и забрани во однос на изведбата. Како уметниците кои се суштински поврзани со сцената да го стават во мирување својот професионален живот и како да се одговори на кризните услови беа главните проблеми на за кои требаше бргу и агилно да се најде одговор. Во почетокот наметнатите рестриктивни норми навидум го прекинаа активниот изведувачки живот. Но тоа беше привид бидејќи се пронаоѓаа начини за продолжување и

одржување на изведувачкиот процес. Уметниците притиснати од условите беа поттикнати да пронаоѓаат форми на изразување кои дотогаш не само што не беа видени, туку воопшто беа во сферата на нивните творечки проекции. Во оваа анализа би издвоила неколку иницијативи кои дадоа нова димензија во интерпретацијата и начинот на рецепција. Иако овој период генерално го оценуваме како ретрограден сепак продукциите говорат за исклучително инвентивни, свежи решенија со нагласка на истражувачкиот дискурс. Оваа наметната состојба отвори спектар на можности дотогаш никогаш присутни или третирани како можност.

д-р Јулијана Папазова:***Алтернативниот рок на Балканот во време на КОВИД 19 пандемијата***

Истражувањето е фокусирано на тема која е актуелна глобално, а тоа се ефектите, консеквенциите и предизвиците креирани во периодот на КОВИД 19. Две важни цели на ова истражување се да се анализираат и разберат музичките активности во време на пандемија на ниво на консумирање и на ниво на креирање. Во тој контекст целта на истражувањето е насочено кон:
-Концертни настапи: во живо и онлајн. Акцентот на анализа е ставен на индивидуални и колективни практики, на улогата и значењето на комуникациите во живо и виртуелно во период на криза. Исто така се истражува улогата на алтернативната рок-музика како дигитална сцена односно како социјален сурогат каде што разни сеќавања или носталгии се евоцираат.

Процес на музичко креирање. Во овој дел акцентот е ставен на реализирање на интервјуа со музичари, начин на работа и комуникација во виртуелниот и реалниот простор; музичка анализа на албуми или видеа инспирирани од КОВИД 19.

Виктор Танасковски, постдипломец: ***Гостувања на македонски музичари во РТС и Радио Београд, претставено преку архивата на овие две институции***

Како студент на мастер програмата „Примењена истраживања музике“ на Факултетот за музичка уметност во Белград, Србија, имав прилика да посетувам стручна пракса во „Радио Телевизија Србија“ како и во „Радио Београд“. За време на оваа пракса добив можност да се запознаам со лица вработени во архивата на овие институции.
Мојата цел е да претставам дел тамошните гостувања на разни музички уметници од Република Македонија, било да се од сферата на класичната, џезот, или популарната музика, со надеж дека ваков труд ќе доведе до можна идна соработка на релација Скопје-Белград. Сметам дека ова е од голема важност за зачувување на нашиот идентитет, како и за поттикнување на уредувањето и дигитализирањето на архивата на Македонската Радио Телевизија, имајќија предвидопасноставокојатаасенаоѓа.

Подпретпоставкадекаголемделодтиеархивскиснимки, безразликадалиприпаѓаатназвучниотиливизуелниотдомен, сесоздаденивовреметокога и Македонија и СрбијаседелодЈугославија, сметамдекаовојпроектможедапоттикнеиднасоработкапомеѓуовиедвеземји, соцелзачувувањенакултурнотонаследствонанашатадржава, бидејќитоа е сепак, воголемамера, нашезаедничкокултурнонаследствокакобившијугословенскирепублики.